# Службен гласник

## на Општина Валандово

Број 15 — 10 Декември 2019 година, вторник

www.valandovo.gov.mk

## С О Д Р Ж И Н А

**Совет на општина Валандово:**

1. **Решение** за објавување на Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Валандово за 2019 година ............................ 2
2. **Одлука** за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Валандово за 2019 година ...........2
3. **Решение** за објавување на Заклучокот за усвојување на Нацрт - Буџетот на Општина Валандово за 2020 година ............................................................................ 2
4. **Заклучок** за усвојување на Нацрт - Буџетот на Општина Валандово за 2020 година ............................ 2
5. **Решение** за објавување на Заклучокот за давање согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈП„Коминален сервис“ Валандово ...................................................................... 2
6. **Заклучок** за давање согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈП„Коминален сервис“ Валандово ...............................3
7. **Решение** за објавување на Заклучокот за давање согласност на измената на Годишниот план за вработување во ЈП „Коминален сервис“ Валандово за 2019 година ............................................................... 3
8. **Заклучок** за давање согласност на измената на Годишниот план за вработување во ЈП „Коминален сервис“ Валандово за 2019 година .............................. 3
9. **Решение** за објавување на Решението за предлагање на член на Управниот одбор на Ј.У. Центар за социјална работа-Валандово ...................... 3
10. **Решение** за предлагање на член на Управниот одбор на Ј.У. Центар за социјална работа-Валандово 3

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Валандово за 2019 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Валандово за 2019 година, што Советот на Општина Валандово ја донесе на дваесет и деветтата редовна седница, одржана на ден 06.12.2019 година.

Бр.09-1273/3 Градоначалник
10.12.2019 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 33 став 2 и 3 во врска со член 34 од Законот за Буџетите („Службен весник на РМ" бр.64/2005, 4/2008, 103/208, 156/2009, 95/10, 180/11, 171/12 и 192/15), член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на дваесет и деветтата редовна седница, одржана на ден 06.12.2019 година,

**О Д Л У К А**
**за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Валандово за 2019 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Валандово за 2019 година, на следниот начин:

| Потпрограма и назив на потпрограмата<br>Потставка и опис на подставка | Буџет | Самофин. | Дотации | Донации | Кредити |
|---|---|---|---|---|---|
| **ЈД0 ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И УЛИЦИ** | | | | | |
| 482120 Изградба на улици и и патишта и афтопати | -2.300.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **А00 СОВЕТ НА ОПШТИНА** | | | | | |
| 464990 други трансфери | 600.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **ф10 УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ** | | | | | |
| 425640 Изработка на просторни и и урбанистички планови | -1.700.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

**Член 2**

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово" и станува дел на Буџетот на Општина Валандово за 2019 година.

Бр.08-151/3 Совет на Општина Валандово
06.12.2019 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Нацрт - Буџетот на Општина Валандово за 2020 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучокот за усвојување на Нацрт - Буџетот на Општина Валандово за 2020 година, што Советот на Општина Валандово го донесе на дваесет и деветтата редовна седница, одржана на ден 06.12.2019 година.

Бр.09-1273/2 Градоначалник
10.12.2019 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Советот на Општина Валандово, на дваесет и деветтата редовна седница одржана на ден 06.12.2019 година, расправаше по Нацрт - Буџетот на Општина Валандово за 2020 година, па врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), и член 45 и 48, став 1 од Статутот на Општина Валандово, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Нацрт - Буџетот на Општина Валандово за 2020 година**

1. **СЕ УСВОЈУВА** Нацрт - Буџет на Општина Валандово за 2020 година со вкупно планирани приходи и расходи од 272.794.000,00 денари, со забелешките произлезени од расправата на седницата.

2. Нацрт Буџетот на Општина Валандово за 2019 година се става на јавна расправа и се објавува на ВЕБ страната на Општина Валандово.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово".

Бр.08-151/2 Совет на Општина Валандово
06.12.2019 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучокот за давање согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈП„Коминален сервис" Валандово**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучокот за давање согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈП„Коминален сервис" Валандово, што Советот на Општина Валандово го донесе на дваесет и деветтата редовна седница, одржана на ден 06.12.2019 година.

Бр.09-1273/4 Градоначалник
30.09.2019 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 17 став 7 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на РМ" бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и 143/19), член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002), член 45 и член 48 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на дваесет и деветтата редовна седница одржана на ден 06.12.2019 година, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**за давање согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Јавното претпријатие „Коминален сервис" Валандово**

**1. СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Јавното претпријатие „Коминален сервис" Валандово, донесен од Управниот одбор на претпријатието со Одлука бр.02-327/2 од 04.12.2019 година, со дадено позитивно мислење од Министерството за информатичко општество и администрација бр.12/6-4775/2 од 03.12.2019 година.

**2.** Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово".

Бр.08-151/4 Совет на Општина Валандово
06.12.2019 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучокот за давање согласност на измената на Годишниот план за вработување во ЈП „Коминален сервис" Валандово за 2019 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучокот за давање согласност на измената на Годишниот план за вработување во ЈП „Коминален сервис" Валандово за 2019 година, што Советот на Општина Валандово го донесе на дваесет и деветтата редовна седница, одржана на ден 06.12.2019 година.

Бр.09-1273/5 Градоначалник
30.09.2019 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 20-а и 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на РМ" бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и 143/19), член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), и член 45 и 48, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на дваесет и деветтата редовна седница, одржана на ден 06 декември 2019 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за давање согласност на Измената на Годишниот план за вработување во Јавното претпријатие „Коминален сервис" Валандово за 2019 година**

**1. СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Измената на Годишниот план за вработување во Јавното претпријатие „Коминален сервис" Валандово за 2019 година, донесен со Одлука на Управниот одбор на претпријатието бр.02-527/3 од 04.12.2019.

**2**. Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово".

Бр.08-151/5 Совет на Општина Валандово
06.12.2019 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Решението за предлагање на член на Управниот одбор на Ј.У. Центар за социјална работа-Валандово**

**СЕ ОБЈАВУВА** Решението за предлагање на член на Управниот одбор на Ј.У. Центар за социјална работа-Валандово, што Советот на Општина Валандово го донесе на дваесет и деветтата редовна седница, одржана на ден 06.12.2019 година.

Бр.09-1273/6 Градоначалник
10.12.2019 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 183 став 3 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на РСМ бр. 104/19 и 146/19), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 43 и член 50 став 2 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на дваесет и деветтата редовна седница одржана на ден 06.12.2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за предлагање на член на Управниот одбор на Ј.У.Центар за социјална работа-Валандово**

**1.** За член на Управниот одбор на Ј.У.Центар за социјална работа-Валандово, Советот на Општина Валандово ја предлага:

- Соња Христова Јовановиќ, вработена во општинската администрација на Општина Валандово, на работно место Советник за јавни дејности.

**2**. Со денот на влегувањето во сила на оваа Решение престанува да важи Решението за предлагање член на Управниот одбор на Ј.У.Центар за социјална работа-Валандово бр.08-104/20 од 24.11.2017 година.

**3.** Ова Решение влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово".

Бр.08-151/6 Совет на Општина Валандово
06.12.2019 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---